Фанзин за деца кои што не им викаат"добар ден"на лошите чичковци и тетки!



GUARANTED QUALITY

НАПРАВИ САМ

КАКА, број 4, "АРСО МИЦКОВ" 23, 1000 СКОПЈЕ, (02)332-645

KAKA-ZINE & TAPES, ARSO MICKOV 23, 1000 SKOPJE, MACEDONIA EUROPE

HI PUNX!!! IF YOU DON'T UNDERSTAND MACEDONIAN LANGUAGE THIS IS YOUR ONLY OPPORTUNATY TO ~~TO~~ UNDERSTAND WHAT THIS ZINE IS ABOUT. THIS IS HIS FOURTH ISSUE. IN OUR COUNTRY THIS IS FIRST AND ONLY ONE ZINE # 4.

THE CAUSE OF THIS CATHASTROPHYC SITUATION IS OUR UNDEVELOPE HC/PUNK (UNDERGROUND) SCENE. OUR BANDS, ZINES, DISTROS... YOU CAN COUNT ON YOUR FINGERS, SO I CAN'T DO A GREAT ZINE JUST WITH THEM. ALSO DIRECT ACTIONS ARE JUST TALKING, AND NOTHING MORE.

SO BANDS, ZINES, DISTROS, RECORD LABELS... I NEED YOUR SUPPORT AND I'LL BE GLAD TO PUT YOUR STUFF IN MY ZINE. SUPPORT IS 100% GUARANTEED. ALSO THIS ZINE IS CONNECTED WITH A RADIO SHOW AND A UNDERGROUND MUSIC FESTIVAL, AND ALSO I RUN A SMALL D.I.Y. LABEL. I CAN MAKE SPLIT TAPES OR JUST YOUR FULL LENGHT MATERIAL. RIGHT NOW I'M DOING A COMPILATION, SO YOU CAN SEND ME YOUR SONGS. THE MUSIC IS NOT SO IMPORTANT THING BUT THE MAIN THING IS A FREE SPIRIT! I HOPE THAT YOU UNDERSTAND ME WHAT I'M TALKING ABOUT. STAY WELL & CHEERS!

Виновен за што, не сум јас војник
ЖИВИТЕ ФОСИЛИ
NEW POLICE STATE



ПРИГОВОР НА СОВЕСТА Е ОДБИВАЊЕ НА СЛУЖЕЊЕ НА ВОЈСКА ИЛИ НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ ОД ПОЛИТИЧКИ, ВЕРСКИ, ФИЛОЗОФСКИ ИЛИ МОРАЛНИ ПРИЧИНИ. ПРАВОТО НА ПРИГОВОР НА СОВЕСТА Е ИЗВЕДЕНО ОД СЛОБОДАТА НА СОВЕСТА, МИСЛЕЊЕТО И ВЕРУВАЊЕТО7, И ПРИПАЃА НА ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА. ДЕНЕС СКОРО СИТЕ ДРЖАВИ ИМ ГО ОВОЗМОЖУВААТ НА ПРИГОВАРАЧИТЕ ОВА ПРАВО, УПАТУВАЈЌИ ГИ НА ЦИВИЛНО СЛУЖЕЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК. ЦИВИЛНОТО СЛУЖЕЊЕ НАЈЧЕСТО СЕ ИЗВРШУВА ВО БОЛНИЦИ, СТАРЕЧКИ ДОМОВИ, ГРАДИНКИ, НО И ВО МИРОВНИ, ЕКОЛОШКИ И ДРУГИ АЛТЕРНАТИВНИ ОРГАНИЗАЦИИ. ОВА ПРАВО Е ОСТВАРЕНО СО РАБОТАТА НА МНОГУ МИРОВНИ ГРУПИ И ПОЕДИНЦИ ВО ИЗМИНАТИВЕ СТО ГОДИНИ. ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА Е ПРАВО САМ ДА ОДЛУЧИШ ДАЛИ ЌЕ БИДЕШ ВОЈНИК И ДАЛИ ЌЕ НОСИШ ОРУЖЈЕ ИЛИ НЕ. ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА ЗНАЧИ САМ ДА ОДЛУЧИШ ДАЛИ НЕКОГАШ ЌЕ УБИЕШ ИЛИ НЕ. ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА ЗНАЧИ САМ ДА ОДЛУЧИШ ДАЛИ ЌЕ УЧЕСТВУВАШ ВО ВОЈНА ИЛИ НЕ. ВО МАКЕДОНИЈА ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА НЕ Е РЕГУЛИРАН СО ЗАКОН! ИЗБЕГНУВАЊЕТО НА ВОЕНОТО СЛУЖЕЊЕ (КРИЕЊЕ, ОДЕЊЕ ВО СТРАНСТВО, НАБАВУВАЊЕ НА РАЗНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ОСЛОБОДУВААТ ОД ВОЈСКА ИТН.) СЕ РАЗЛИКУВА ОД ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА ЗАТОА ШТО ОБИЧНО НЕМА ПОЛИТИЧКО ЗНАЧЕЊЕ. ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА СЕ ПОДНЕСУВА ОД УВЕРУВАЊЕ, А НЕ ПОРАДИ КУКАВИЧЛУК ИЛИ ИНТЕРЕС!!! 1

СИГУРНО СЕ ПРАШУВАТЕ ЗОШТО ТЕКСТ ЗА ПРИГОВОР НА СОВЕСТА ВО ФАНЗИНОТ НА ЧОВЕК КОЈ БИЛ ВО ВОЈСКА. ПРАШАЊЕТО ВИ Е ТОКМУ НА МЕСТО! ДА ПОЈАСНАМ!

ОД ОКТОМВРИ 1999 ДО крајот на ЈУНИ 2000 ЈАС БЕВ ВО ВОЈСКА. НЕ ПО МОЈА ВОЛЈА!!! НЕКОЛКУ ПАТИ ОДЛОЖУВАВ, ПРОБАВ ДА НАЈДАМ ЛУЃЕ КОИ ШТО ЌЕ МИ ПОМОГНАТ ДА ОДЛОЖАМ ДОЖИВОТНО НО, НЕ ГИ НАЈДОВ. МИ ПРЕОСТАНУВАА УШТЕ ВАРИЈАНТИТЕ СО СИМУЛИРАЊЕ НА ЛУДИЛО ИЛИ НАРКОТИЧНА ЗАВИСНОСТ. кои ЗА СРЕЌА ИЛИ ЗА ЖАЛ НЕ ГИ ПРОБАВ! ВРЕМЕТО ПОМИНУВАШЕ-А ЈАС СЕУШТЕ НЕ УСПЕАВ ДА ГО ОДЛОЖАМ ДОЖИВОТНО МОЕТО ЗАМИНУВАЊЕ ВО ВОЈСКА. СЕ СЛУЧИ ШТО СЕ СЛУЧИ И ЈАС ОДЕДНАШ СЕ НАЈДОВ ВО УНИФОРМА, СО ОРУЖЈЕ, ОПКРУЖЕН СО ОФИЦЕРИ КОИ ШТО САМО НАРЕДУВААТ И НАРЕДУВААТ. ОДЕДНАШ ВЛЕГОВ ВО ЕДЕН СОСЕМА ПОИНАКОВ СВЕТ ОД ОНОЈ НА КОЈ ШТО ПРИПАЃАВ ПРЕД САМО НЕКОЛКУ ДЕНОВИ. ИАКО ВОЈСКАТА НАВИДУМ Е ОРГАНИЗИРАНА ЗАЕДНИЦА ВО КОЈА ШТО СЕКОЈ СИ ГО ЗНАЕ МЕСТОТО И ЗАДАЧАТА И ЗАТОА СЕ ФУНКЦИОНИРА БЕСПРЕКОРНО?, ПОСЛЕ НЕКОЛКУ ДЕНОВИ ПОМИНАТИ ТАМУ СВАТИВ ДЕКА НЕ Е ТАКА. ВОЈСКАТА Е ЕДНА ГОЛЕМА ЛИЦЕМЕРНА БАЈКА ВО КОЈА ШТО ТЕ УЧАТ ДА ПРЕЖИВУВАШ ВО НАЈМИЗЕРНИ УСЛОВИ, ДА РАКУВАШ СО ОРУЖЈЕ, СЛЕПО ДА ГО СЛУШАШ СВОЈОТ ПРЕТПОСТАВЕНИ!! 2

ТАМУ ТИ КАЖУВААТ ДЕКА СЕТО ТОА Е ЗА "НЕ ДАЈ БОЖЕ" НЕКОЈ ДА ЈА НАПАДНЕ НАШАТА ТАТКОВИНА, ДЕМЕК НИЕ ЌЕ СМЕ ЈА ОДБРАНИЛЕ. НИЕ КОИ ШТО ПОВЕЌЕТО ВРЕМЕ ТАМУ ОСТАНУВАВМЕ ГЛАДНИ, НЕ МОЖЕВМЕ ДА ЈА ИЗВРШУВАМЕ СЕКОГАШ НАЈОСНОВНАТА ЛИЧНА ХИГИЕНА, СКРИШНО СИ ГИ ДРКАВМЕ КУРОВИТЕ, ТИВКО ЗБОРУВАВМЕ ЗА ЉУБОВТА, НАШИТЕ НАЈБЛИСКИ, ЗАТОА ШТО ВОЈНИЦИТЕ НЕ ПРАВАТ ТАКА. НЕ ВИКАМ ДЕКА НЕКОИ НЕ УЖИВАА ВО ТОА! КОЈ ГИ ЕБЕ НИВ. И ТАКА ОВОЈ ТЕКСТ НЕ Е ЗА НИВ. ДОКОЛКУ НЕ САКАТЕ ДА ОДИТЕ ВО ВОЈСКА, НИКОЈ НЕМА ПРАВО ДА ВЕ ПРИМОРУВА СО СИЛА ЗА ДА ОДИТЕ. НИКОЈ ОСВЕН ВИЕ САМИТЕ НЕМА ПРАВО ДА РАКОВОДИ СО ВАШИТЕ ЖИВОТИ. БОРЕТЕ СЕ ЗА ТОА ПРАВО! ЗАТОА ЕВЕ ВИ ЈА АДРЕСАТА НА ГРУПАТА ЗА АНТИ-МИЛИТАРИСТИЧКА АКЦИЈА (gama999@hotmail.com) 5

БОРЕТЕ СЕ ЗАЕДНО!!! ЗА СЛОБОДАТА!!!

Тк.Ск.



Приговор на совеста!!!

НОАМ ЧОМСКИ-ШТО ТОА ВСУШНОСТ САКА АМЕРИКА-(Изводоци од истоимената книга)

# NOAM CHOMSKY

ШТО ВИЕ МОЖЕТЕ ДА СТОРИТЕ?

Во секоја земја постои група на луѓе која ја има вистинската власт. Не е голема тајна во чии раце е власта во С.А.Д.Власта е во рацете на луѓето кои донесуваат инвестициски одлуки-одлуки за тоа што ќе се произведува и што ќе се продава.Тие луѓе ја поставуваат владата,воглавно бираат и стратези и ги одредуваат условите за делувањето на доктринарниот систем.Тие,помеѓу останатото,сакаат неактивно и послушно население.Значи,една од работите кои можете да ги направите за да им го загорчувате животот е да не бидете послушни и пасивни.Тоа се прави на разни начини.Дури само поставувањето на прашања може да има значајно влијание.Демонстрациите,пишувањето на писма и гласањето можат да бидат значајни,зависно од конкретната ситуација.Но,најважната работа е тоа да биде организирано и истрајно.Ако отидете на едни демонстрации и потоа се вратите дома,тоа е нешто,ама луѓето на власта тоа можат да го сварат.Тоа што тие не можат да го сварат се истрајни и се појаки притисоци,здруженија кои постојано нешто работат,луѓе кои се учат на искуствата од минатиот пат и делуваат поуспешно наредниот пат.Секој систем на власт,дури и фашистичкиот диктаторски режим, е осетлив на негодувањето на јавноста.Тоа сигурно важи за оваа земја каде-за среќа- државата нема доволно сила за да го убедува народот.За време на Виетнамската војна,директниот отпор кон војната беше значаен и таа цена власта мораше да ја плати.Ако се изборите нешто во кое што еден дел од народот учествува така што притиснува копче на секои неколку години,тие не значат ништо.Но ако граѓаните се организираат во поддршката на некој одреден став и вршат притисок на своите претставници во врска со тоа,тогаш изборите нешто значат.На членовите на претставничкиот дом може полесно да се влијае отколку на сенаторите,а на сенаторите полесно отколку на председателот,кој е обично недопирлив.Кога ќе дојдете до тоа ниво,за политиката речиси потполно одлучуваат богатите и моќните луѓе кои владеат со оваа земја.Но,вие можете да се организирате така даимате влијание врз своите избраници.Можете да ги повикате во вашите домови па да ги соочите со негодувањата на некоја група од комшилукот,можете да им киснете по канцелариските ходници-што и да има успех во дадени околности. Тоа може да биде успешно,доста успешно. Можете да се занимавате и со истражување. Немојте да се ослонувате само на обични историски книги и учебници од политички науки-барајте студии од стручњаци и примарни извори:меморандуми на државната безбедност и слични документи.Повеќето добри библиотеки имаат библиографски одделенија каде што можат да се најдат таквите работи.Тоа бара доста труд.Најголем дел од материјалот е ѓубре и морате да прочитате купче работи за да пронајдете нешто вредно Секогаш се наоѓаат некои знаци кои ви кажуваат каде да барате,а понекогаш во книгите ќе наидете на библиографски податоци кои изгледаат привлечно.Нивните толкувања се најчесто погрешни,но ви укажуваат на делата кои што треба да ги видите.Тоа не е некоја голема филозофија и не бара напорна интелектуална работа.Работата се подразбира,но тоа секој може да го работи како хоби.А производот од таквото истражување на луѓето може да им го промени мислењето. Вистинската истражувачка работа секогаш е колективна работа,а нејзините резултати можат многу да допринесат во менувањето на свеста,да ги зголемат сознанијата и разбирањето и водат кон успешно делување.

БОРБАТА ПРОДОЛЖУВА;------------------------

Битката за слобода никогаш не е завршена. На луѓето од земјите на неразвиениот свет (меѓу кои спаѓаме и ние;заб.тк.ск.)им е потребно нашето искрено разбирање,и иште повеќе,нашата помош.Ние можеме да им ги спасиме животите со предизвикувањето на внатрешен раздор во С.А.Д.;Дали тие ќе успеат да се одбранат од насилството кое им го наметнуваме,многу зависи од тоа што се случува овде.Храброста која ја покажуваат е навистина задивувачка.Лично имав чест-е тоа е чест-непосредно да видам дел од таа храброст,во Југоисточна Азија,Средна Америка и на окупираниот Западен Брег.Тоа Тоа е многу потресно и вдахнувачко искуство и секогаш ме потсетува на Руоовите зборови на презир за Европјаните кои се откажале од слободата и од правдата поради спокојот и мирот "кој им го пружаат нивните окови".Тој вели:"КОГА ЌЕ ВИДАМ КУПЧЕ ГОЛИ ДИВЈАЦИ КАКО ЈА ПРЕЗИРААТ ЕВРОПСКАТА ЛАКОМОСТ И ТРПАТ ГЛАД,МЕЧ,ОГАН И СМРТ,ЧУВСТВУВАМ ДЕКА НА РОБОВИТЕ И НЕ ИМ ДОЛИКУВА РАЗМИСЛУВААТ ЗА СЛОБОДАТА."

;;;;;;;------------------------;;;;;;;;;;;;

Луѓето кои мислат дека тие зборови се мртви букви на хартија знаат многу малку за овој свет.И тоа е само дел од задачата која ни претстои.С.А.Д. се повеќе ги попримаат одликите на земјите од неразвиениот свет.(жими куров.заб.) Системите на незаконитата власт се наоѓаат во сите делови на друштвениот,политичкиот и економскиот живот,и културата.По прв пат во човековата историја се соочуваме со проблемот на заштита на човековата околина,неопходна за достоинствен опстанок на човековиот вид.Не знаеме дали искрените и посветените напори се доволни за да се решат ваквите проблеми,или барем да се ублажат.Меѓутоа, можеме да бидеме сосем сигурни дека отсуството на такви напори ни гарантира КАТАСТРОФА!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!

СОвет....се или максимално

СКСПСКИ

Секој ден од 7.30 до 13.15
од 13.15 до 19.30
секој ден со нов став
заборави на вчера!
Десет божји заповеди,рок енд..
интер...слава,вести,водители,
инстикти,пари,корени,заблуди..
ШТО Е СЛОБОДАТА?
ШТО Е ЉУБСВТА?

Размисли убаво!
Сети се на оние кои што мислеа?
Размислуваа ли правилно?
Излезе ли некој од себе?
Ја доживеа ли некој добрината?
ШТО Е СЛОБОДАТА?
ШТО Е ЉУБОВТА? ткск

PUNK



# ДРЖАВАТА НИ ГО СКРАТУВА ЖИВОТОТ!

HARDCORE

7







SLOVAKIA HARD CORE

Scenereport from Slovakia.

# СЦЕНСКИ РАПОРТ
# СЛОВАЧКА

Здраво на сите!
Овде Томас од Братислава, Словачка. Имам 18 години и водам дистрибуција/продукција наречена WOODOO и фанзин SKITZINE. Член сум и на еден fastgrindhc бенд со кој сеуште не сме излегле од гаража, но се надевам дека наскоро ќе имаме и некоја свирка. Петре Трската ме замоли да напишам нешто за сцената во нашата “сакана” Словачка. Ќе почнам со малку историја, политика на... Забавувајте се и контактирајте ме доколку сакате подетални информации околу она што следува, или пак сакате да ја добиете мојата mail order листа, ве интересира мојот бенд или сакате да зборувате за било што. Пишете, одговорот е сигурен! Па, да почнеме!

**c/o Tomas Bulanek, Brancska 3, Bratislava, 851 05, Slovakia**
**skitzinewoodoo@post.sk**

*<u>Во 1918</u> , по Првата Светска Војна Австро-Унгарија беше поделена на неколку (4) држави: Австрија, Унгарија, Југославија и Чешкословачка со нејзиниот прв претседател - (можете да го видите на омотот на едно ЦД од* Faith No More*). <u>Во 1939</u> пред самиот почеток на Втората Светска Војна (14.3. - овој ден овде се прославува од страна на неонацистите) Чешкословачка беше поделена. Чесите беа окупирани и подпаднаа под "протекторат" на Германија а Словачка стана првата словачка држава на чело со свој претсадател,* Jozef Tiso*. Оваа држава имаше многу фашистички тенденции. Да го спомнеме само депортирањето на 90 000. Евреи. Но,* мислам *дека има друга страна на ова, а тоа е дека Хитлер му наредил на Тисо да ја изврши депортацијата инаку во спротивно, Полска и Унгарија ќе извршат инвазија на Словачка. Ова не е 100% сигурно, ви го пренесувам она што дедо ми ми го има мене кажано, така да не избрзувајте со донесување заклучоци! Прочитајте нешто повеќе! <u>По војната</u>, Словачка и Чешка повторно се соединија и во наредните 3 години овде владееше вистински демократски систем. Но, во <u>1948</u> дојдоа Комунистите со својот тоталитерен режим и ја ебеа работата наредните 40 години. Во <u>1989</u> (17.10.) се случи Велвет Револуцијата (*Velvet Revoltuion*) и падот на комунизмот. Никој не беше спремен за капитализам, и целата економија се сруши. Но по неколку години ситуацијата се подобри и странските инвеститори беа добредојдени. Урааaа, имаме нови хипермаркети (*hypermarkets*), *yeappi*. Ох. Во 1993 Чешкословачка беше повторно поделена на Чешка и Словчка република. Владите овде беа двапати мнеувани. Првата на чело со* Vladimir Meciar. *Се секавате! Тој беше гомно плачкашко лажлива капиталистичка свиња.* FUCK HIM!!! *Денешната влада е подобра, но не како што зборуваа и ветуваа. Но земјата им беше оставена со голем финансиски дефицит. Но се разбира, тие сеуште се класични политичари. Се грижат само за себе а не за вас. Ох, доста со политика. Тоа е само лош хумор. Спремни сте за нашата сцена?* Yeah? Well, rock steady!




Мислам дека словачката сцена е ок во моментов. Повеќето од активностите се случуваат во главниот град-**Братислава** кој има околу 400 000 жители. Се наоѓа во југозападниот дел од државата близу Австро-Унгарската граница. Други поактивни градови се **Косице, Пресов, Зилина, Зволен**, . . .

**<u>SQUATTS, CLUBS...</u>**

Во перидот 1994-96, близу Кошице имаше еден активен скват. Се викаше *Zeleny Dvor*. Многу активности како концерти и слично се случуваа овде а имаше и голема анархо-автономна библиотека како и голем бар. Оваа куќа беше многу пати напаѓана од нацисти и еден ден кога немаше никој во неа беше запалена. Fuck!
После тоа неколку луѓе се преселија во Зволен, во едно еколошко село, Зајежлова каде што повторно го активираа сквотот. Овде исто така се случуваа многу активности: infoshop, центар за рециклирање, многу супер свирки (Asmodinas Leichenhaus/Ger/, Mrtva Budoucnost/Cze/, Gride/Cze/..., многу трибини кои се одржуваат и денес. Но сквотот е затворен од Ноември 1999 поради некои проблеми помеѓу анархистите и еколозите. Fuck it! Но сеуште може да отидете и да останете 4-5 дена или подолго.
Минатата година во Братислава беше оформена група која работеше на отварање на културен-автономен-еколошки центар. Групата (на која припаѓав и јас-хехе) расчистуваше една куќа која беше празна три години и во која повремено живееа џанкери. Кога се појавија првите луѓе да живеат и работат во неа, се појави газдата (најверојатно А. Резеш, министер од минатата влада кој има толку пари што се пресели во една огромна вила во Шпанија, платена од наши пари. FUCK HIMMMMM!!!!!!!) и заедно со обезбедување ја затворија куќата. Во периодот помеѓу Јуни и Август беше сквотирана куќа близу до еден голем капиталистички хотел. Убава слика. Хехех.
Неколку акции беа организирани таму, 2 или 3 пати беше орагaнизирана мала уметничка галерија, двапати имаше видео проекции со протестите од Сиетл и од уличната забава во Братислава (10.06.) а беа приступни и CSAF

NEW POLICE STATE







The Public

(ЧешкоСловачка Анархистичка Федерација) со нивната дистрибуција. Но при крајот на летото (25.08.) *Лодна* сквотот беше затворен од страна на полицијата, која беше повикана од страна на сопственикот и агенцијата за недвижности. По затворањето следеше демострација која дби добар одзив во вестите и на ТВ.

Од тогаш наваму не сум слушнал за некои акции на сквотирање во Словачка освен што вчера слушнав некои новости за сквот по име *Подскала* во Спишска Нова во североисточниот дел. Наводно свиреле N.Y.Y. (Lich), но тоа е се што знам во врска со него. Sorry.

***CLUBS***

Во моментов во Братислава концертите се организирани од страна на xUnity Distributionx во клубот наречен ***Bunker***. Тоа е нуклеарно засолниште така да нема прозори и ако свирите во натре пола сат, станува толку жешко што неможе да се дише. Секој бенд што свирел има супер ЖЕШКИ искуства од овде. Stage diving-от е прав пекол! хехе, и навистина е евтино да се прават свирки овде. Овде свиреле Cripple Bastards (Ita), AK-47 (Cro), Entropia (Ita), Mindlock (Cze), Adjudgement (Ger), N.N.Y. (Can), Submission Hold (Can), Stracony (Pol), La Fraction (Fra), Cockroach (Ned). . .

Во Чадца постои клубот ***Rock Pub*** каде што има стварно многу свирки – Wind Of Pain (Fin), Forca Macabra (Fin), Harum Scarum (USA), Lesser Of Two (USA), Psychoneurosis (Pol), Pieklo Kobiet (Pol), Mrtva Budoucnost (Cze), Gride (Cze), Goat Shanty (USA), Eradicate (Ger) и многу други, а особено бендови од Полска – кои ги организира Озон (бубњарот на *Public*).

Во Татранска Штрба, близу Попрад во подножјето на највисоката планина во Словачка, Високи Татри, од неодамна постои ноз клуб ***Noise***. Но не знам ништо повеќе за него.

Има и еден клуб во Зилина, ***Guru***, каде што свират повеќе гринд бендови. Досега свиреле Total Fucking Destruction (USA) и некои Чешки и Словачки бендови.

Па, доволно беше од мене за клубовите. Секако дека има и други но јас не знам многу за нив.

Да, има едно место во Братислава, кое може да се нарече автономно. Тоа е книжарницата ***Gump***, каде што може да се најде многу дора литература, автономни newsletter-и, магазини и ревии како Konfrontace, Exsitence, Zdola и многу други. Овде работи еден тип кој организира концерти и кој ја има најголемата дистрибуција во Словачка, нокоја ја изложува само на концерти-нема mailorder. Некои од неговите работи можат да се најдат и во Woodoo.





LENTAK TAK



ČISTÁ RYŽA live in Mládkov (Czech rep.)

**HUMAN MEAT FOR SALE RECORDS & DISTRIBUTION**
PUNK/HARDCORE/CRUST/GRIND/NOISE
tapes, EP's, LP's, CD's, zines, patches, t-shirts,...
pošli známku na zoznam/send 1$ for complete catalogue
DUŠAN OZAŇÁK
ZBOROV NAD BYSTRICOU 455
023 03
SLOVAKIA
TRADES ARE MORE THAN WELCOME
FUCK IMPERIALISM! EAST BLOCK RULES!

БЕНДОВИ:

Некои знаци од панкот овде се појавија во втората половина од 80-тите со бендовите како"EXTIP","ZONA A" и некои други,кои свиреа стар алкопанк налик на "СЕКС ПИСТОЛС",без никакви идеи.Но мислам дека тоа не е вредно за спомнување овде.Добро...јас сум во сценава само околу 3-4 години,така што точно можам да ви зборувам само за тие изминати години.Другите информации се од втора рака.Хе,хе...Во годините помеѓу 92-94 Братислава беше позната по својата супер CRUST сцена.Овде мора да се спомена групите како"HELL ON EARTH","AVGRUND"-издадоа сплит 7"ер со "DISPROVE"-(Јапонија),потоа "NIHILOBSTAT","ANTI-CAPITAL","EWA BRAUN" и многу,многу други.YEEAAH,тоа беа прекрасни времиња во градот на "плавиот" Дунав. Годините 95-97 беа карактеристични по HC/CRUSTOT .Од овде изникнаа бендови како:"AVIDIA",(издадоа демо),"KONIEC KONCOV".(Ох,сите досега споменати бендови се R.I.P.) и славните "NONCONFORMIST" од Кошице кои што сеуште свират(имаат издадено 7"ер, 10"LP)а имаа и турнеја со"LA FRACTION". Можамда го споменам уште GRIND бендот "MENTALLY PARASITES"(демо и 7" ер). и GRIND/CRUST бендот "CHROMATIC ABSURDITY"(демо),но и двата се R.I.P.Тука е исто и бендот "TESTIMONY",но за нив не сум сигурен дали уште свират.Кога јас се вклучив во сцената воопшто не беше забавно.Годините 97-98 беа најужасни. Без бендови,клубови,фанзини,ништо. Можам да ги споменам "SPRAVNY SMER"(R.I.P.)(Издадоа две 7"ер),кои што свиреа некој си стварно оригинален нс/pUNк.Сцената од тоа време се потпираше на неколку луѓе.Најпознат беше DUSAN OZANAK"OZON" Тој има бенд "THE PUBLIC",кој е мој омилен словачки бенд.Свират нешто како FASTHC CRUST VIOLENCE со многу џез упади.Хе,хе...Имаат издадено сплит 7" ер со "MENTALLY PARASITES"и уште една 7"-најдобро нешто што сум слушнал.Најверојатно кога ќе го читате ова веќе ќе биде излезено и нивното ЛП.Озон(тапанарот)ја работи и H.M.F.S. дистрибуцијата.Заедно со "THE PUBLIC" најактивен бенд е "ČISTA RUŽA".Слушнав дека ќе се растурат(срање)но може да пробате да им пишете.Имаат три дема во CRUST/GRIND стил.Тие се вториот најдобар бенд.Овие бендови имаат истотака и супер текстови.

"OBLITERATE".GRIND CORE во духот на старите "NAPALM DEATH".Имаат неколку деи деби ЦД."THORWALD".Перфектен нс/CRUST со текстови на Норвешки.Имаат ново демо."SHITOBA"Тие се од SPISKA NOVA VES и свират SHIT HARSH NOISE.(слит касета со N.N.P.K.O.S. -исто HARSH NOISE.Момците исто така се активни во сквотот POD-SKALA."LENTAKTAK".Свират супер нс CRUST со м/ж вокали.Имаат 4 WAY сплит со "AGATHOCLES"/"MENTALLY PARASITES"/"ČISTA RUŽA" и 4 WAY сплит со "MINDLOCK"/"Mocovi Kameni"/"MACHINERY".Наскоро треба да издадат ново 7" и касета.Пејачот го прави фанзинот "BOJKOT"."DANOVA PSYCHOZA".Постари фаци од Братислава кои свират панк. Имаат многу изданија,ќе ги споменам само нивните последни 2 ЦД-а.Луѓето од овој бенд се активни и во организирањето на концерти,а прават и списание "RUDE PRAVO" и Z.A.S.A.H. продукција."CANIS LUPUS".Во живо тоа е навистина добар OLD SCHOOL HC бенд.И тие се од Братислава.Имаат издадено и едно демо ,но не многу добро."M.S.R." Исто така добар OLD SCHOOL HC бенд од BANSKA BYSTRICA.Две дема во N.Y.H.C. стил. "CRY OUT".YEAHH!sXeUNITY нс.Хе,хе...Тоа се фини млади момци кои свират со многу енергија.Мислам дека моментално работат на нивното прво демо.Некои од нив ја водат xUNITYx дистрибуцијата. "LAST WILL".Истотака добар нс бенд.(Нели станува досадно?!)Свиреа со "MRTVA BUDOUCNOST"и"GRIDE".Извинете,не знам многу за нив."RAZPOR".Класика од Братислава хе,хе...Свират STREET OI!PUNK со политички текстови.Нивното прво демо е повеќе во нс стил.Пејачот го прави "PRUSER" фанзинот."ČAD"YEEAAH!.Најдобриот словачки GRIND CORE бенд.Многу луѓе од сцената сметаат дека имаат многу контроверзни ставови(И јас не се сложувам со некои работи)но многу ми се допаѓаат затоа што гитаристот е крш човек. Тој има и други проекти:"ANAL CIRCUS"(NOISE) "BILL CLINTON"(GRIND CRUST)-кои што ми се подобри од "ČAD".Има и добра GRIND дистрибуција.4 дема,едно сплит ЦД за "HOPEWELL" од Шведска."SUFFOCATE".GRIND бенд од Самарин(Јужна Словачка).Слушнав дека се фини луѓе,но јас не ги познавам. Имаат демо."EMBOLISM".Ебате!Овој супер GRIND/CORE/NOISE бенд има издадено неколку сплитови и дема.Пишете брзо!"ABORTION" Добар,забавен GRIND/MINCE/PUNK со добри политички текстови.Пејачот го води "BONNESAHAR" дистрото.

кење во градов

што ја фатиле рабо

**T.pT.-distro/MADHOUSE zine**
*Peter Keppert,Nová Doba 925/17,92400 Galanta,Slovensko*

Distribúcia zinov,brožúr,kaziet,Ep's,nášiviek...
(zoznam za známku)

**MADHOUSEzine č.1:**Prvé číslo je split s T.pT.časákom č.5. V jednotke nájdete rozhovory s Atentátem na kulturu,Exekuci, Čistou Ryžou, Sociálnym Útlakom,Mrtvou Budoucnosti,N.V.U., Depresy Mouse; nejaké recenzie + comix

"SOMA".Млада група на моите пријатели од Голанта.Можно е издавање на сплит 7" со "BILL CLINTON".Свират нешто како суров CRUST/GRIND нс со м/ж вокали.Пеачот е-T.P.T. дистрибуција и "MADHOUSE" фанзин. Пишете им!!!"AD ACTA".Истотака млади луѓе од Братислава.Обично тоа е CRUST CORE со супер вриштечки женски вокали.Мислам дека ние ќе им го издадеме првото демо.Луѓе од овде го работат и "SMOLA"фанзинот.
"NAIVE FIGHTERS".Одличена анархо фолк панк со супер енергија.Навистина се супер!!!
"SIN FRONTIERAS".Овде свират некои луѓе од "NAIVE FIGHTERS".Исто така во анархо стил, но со нс/PUNK музика.Е,па тоа е се околу бендовите.Има уште но не можам да се сетам на сите!

ДИСТРИБУЦИИ:

Во Словачка има многу дистрибуции,но јас ќе ги споменам само најдобрите!
"WOODOO".YEEAH.Ова е најдоброто дистро што може да го најдете во Словачка.Хе,хе. Имаме фанзини,анархистички списанија,еколошки памфлети,7"ер,10"лп,12"лп,цд,профи касети,D.I.Y. касети,и многу други работи. Размената е повеќе од добродојдена,но пишете прво c/o преку мене.
"HUMAN MEAT FOR SALE".Ова е најдоброто словачко мејл ордер дистро кое го води Озон од "THE PUBLIC".Има многу касети,винили, дискови,маици...Цените се истотака добри. Пратете 1$ за комплетниот каталог.Размените се добродојдени.
"K.A.Z."-дистрото го води еден многу смешен тип кој истотака организира и концерти.Го прави и фанзинот "K.A.Z." кој е перфектен.Кај него ќе најдете GRIND/нс/CRUST EXPERIMENT/NOISE...ствари на цд,винил,касети а има и многу фанзини.Пишете за комплетен каталог.
"GATO NEGRO SOCIETY".Дистрибуција на субкултурни стилови.(PUNK ,нс,CRUST ,GRIND...)
"BLACK ORCHID PRODUCTIONS".Ова е повеќе за експериментални работи.(INDUSTRIAL,EXPERIMENTAL ,NOISE ....)
"KOLLAPSE".Ова е нова дистрибуција со претежно екстремен нс,POWERVIOLENCE,GRIND CORE,FAST CORE,...со изданија од:DEAF AMERICAN REC.,SLAP A HAM,EBULLITION, PESSIMISER,CLEAN PLATE ...Пишете ако ви лежи тој стил
"FRIENDS OF FUN TAPES".Не знам ништо за ова дистро,но слушнав дека се стварно добри луѓе.
"BCE!"Ова е навистина стара и голема дистрибуција со многу музика,фанзини,пришивки,маици,PUNK, нс,CRUST ,GRIND ,NOISE ,EXPERIMENT...Само што издадоа нова касета на "THIRD WORLD PLANET"Напред!!!
"BASTARD KOMIX DISTRIBUTION"Ако сакате навистина андерграунд стрипови,пишете.Ја води еден луд тип кој ги работи "YOUR MISTAKE","ANTIKRISTOVA PREDKOZKA" и многу други супер GORE стрипови."UPSTAIRS".Овде може да најдете многу книги,фанзини,флаери,ревии, касети и многу други работи во врска со екологијата,ANIMAL RIGHTS,анархизмот...
"MADHOUSE".Моите пријатели од Сома ја работат оваа дистрибуција.Предходно напишав дека дистрото им се вика T.P.T.,но во овој момент навистина не знам кое е правото име.Како и да е имаат нешто литература и музика.(CRUST ,GRIND,нс...)
"LEGAL FREEDOM/CSAF".Ова е голема дистрибуција за литература,а исто и бенефит дистро на Чешкословачката анархистичка организација(CSAF).Може да најдете многу,многу,њузлетери,флаери, книги,памфлети."SLOBODNA ZONA".Исто така мои добри пријатели.Тие истотака го имаат "YA BASTA FANZINE".Има многу работи за брзата музика(касети,7",12".. и многу фанзини.Тие истотака го прават и "NO JUSTICE" њузлетерот.Пишете ако сакате да имате во него рекламичка."EMPTY KOFOLA BOTTLES".Истотака голема дистрибуција,но претежно за литература.Можете да најдете се што е издадено во Чехословачка.Навистина се!
"PURULENT GUT".Ова момче има истотака и фанзин со истото име.Дистрибуира претежно CRUST/GRINDCORE на винили,цд, а има и фанзини.Навистина е добар!

ФАНЗИНИ:

Ќе пишам само за неколку бидејќи ни еден не е напишан на Англиски.(Сите, се на словачки).Најпознатиот е "RUDE PRÁVO".Имаат издадено околу 6 броја. Има интервјуа,колумни,многу натписи и рецензии.Мојот омилен словачки фанзин е "YA BASTA".Имаат издадено 5 броеви.Интервјуа од панк "OI POLLOI" до треш "WHAT HAPPENS NEXT".Имаат се. Навистина супер!Истотака добар фанзин беше "SAMBA",кој мислам дека веќе не излегува.Нов фанзин од Братислава е "LE VANTANTE",кој ќе претежно преокупиран со брзиот HC.Излезен е првиот број.-EX-"YA BASTA".Јас го издадов првиот број на зинот "DISKUSIA



во кој има секаков вид на музика,неколку колумни за Чиапас,веганизам.....Повеќе нема да го работам,но мојот другар го прави вториот број."NOBODY FUCKS JESUS" е истотака нов многу добар sXe фанзин од Братислава.(LUMEN,ADJUDGEMENT,GNU,SCHIZMA,CHE GUEVARA...Многу добро!!!За анархистите тука е одличната ревија "ZDOLA" со два броја до сега.Сконцентрирани околу протестите во Прага,анархизмот,сквотирање.Последниот е "ZLÉSVEDOMIE",сработен од еден мој другар.Досега два броја со многу интервјуа,колумни,натписи и многу други работи.ОК.Овде има како што веќе кажав,многу ревии и фанзини,но премногу се за да ги споменам овде,овие се најдобрите.



ČISTÁ RYŽA live in Topolčany (Slovakia)



CANIS LUPUS live in Bunker

ОРГАНИЗАЦИИ:Овде имаме "FOOD NOT BOMBS" кои што делат храна секоја сабота во 17.00ч. пред "NO DONALDS".Хе,хе,хе...и во недела во 13.00ч. пред железничката станица во Братислава.Храна истотака се дели и ви Кошице и Трнава.Тие се многу активни,растурија многу летоци,издадоа книга и организираа многу концерти. . . . . од Братислава работат во рамките на организацијата "ZIA NECHAJ ZIT" (ŽANZ),кои организираа неколку демонстрации(за MUMIA ABU JAMAL,за слободен Тибет, неколку велосипедски акции,уличен театар..Изнајмуваат и куќа во шумата за нивните активности.Во неа имаат библиотека,TEASHOP,организираат многу дискусии и акустични концерти на "NAIVEFIGHTERS".Во рамките на "ŽANZ" работи истотака и "ĽUDIA PROTI RASIZMU"(Луѓето против расизмот)кои работат летоци,трибини и дискусии.Луѓето од "ŽANZ" пак се активни во "SLOBODA ZVIERAT"-организација за правата на животните.Не е "ALF",но успеаја да направат многу.(Ја запреа вивисекцијата во Словачка).Пред една година со работа започна и словачкиот дел од "CSAF",кои што организираа многу акции како улични забави,демонстрации за 1-ви Мај,многу летоци против ММФ и СБ,за протестите во Прага,за "INPEG"-Прага и др.Имаат и дистрибуција,"ZDOLA" списанието и др.Овде постои и "GREEN PEACE"но не знам многу за нив.Од време на време организираат некои мали демонстрации.Една"зелена"група е"ZA MATKU ZEM"(За мајката земја)и работат на проблемите околу нуклеарните централи,јавниот транспорт и издаваат магазин"универзум" на секои 2 месеци.Во Братислава работи и "AMNESTY INTERNATIONAL" кои ја пратат состојбата на човековите права во Словачка."LUNGTA"е организација која помага за ослободувањето на Тибет.Го издаваат весникот "TIBETSKE LISTY".И последната овде спомената организација е "VLK" кои што се активни во заштитата на шумите/животните.

BANDS
The Public: through H.M.F.S. distribution cista ryza@phuture.sk
Čistá ryža: P.Miškovič, J.Palárika 12, Šaľa, 927 00
Obliterate: Ladislav Polák, Bielocerkevská 1, Košice, 040 22
Thorwald: Gábor Szentpetery, Kyjevská 38, Košice, 048 01
Shitoba: through Empty kofola bottles
Len tak tak: Matúš Kočner, Sídlisko 1/971, Vranov nad Topľou, 093 01
Nonconformist: Martin Novák, Kavečianska cesta 31, Košice, 040 01
Davová psychóza: Jano Kasa, Jedlíková 4, Bratislava, 811 06
Canis Lupus: Peter Antal, Andreja Mráza 5, Bratislava, 821 03
M.S.R.: Filip Glocko, Orenburská 5, Banská Bystrica, 974 01
Čad: Štefan Chrappa, Kozmonautov 7, Svätý Jur, 900 21
Embolism: Michal Kotrík, Športová 205/1, Kanianka, 972 17
Abortion: Anton Varga, Hl. Námestie 12, Branč, 951 13
Soma: Nová Doba 925/17, Galanta, 924 00
Ad acta: Ad Acta, Legal freedom, Poste restante, Bratislava 57, 851 06
Naivefighters: Martina Kedrová, Poste restante, Námestie SNP 35, Bratislava, 811 01 exurbia@post.sk

www.phuture.sk/cista ryza





## – ДИСТРИБУЦИИ –

"HUMAN HEAT FOR SALE" c/o (ALSO FOR THE PUBLIC) DUŠAN OZAŇÁK, ZBOROV NAD BISTRICOU 455, 023 03

"K.A.Z." c/o RADO UHLIK, J. BÁNIKA 23, ZVOLEN, 960 01

"GATO NEGRO SOCIETY" c/o IVAN GRZNÁR, STROJNICKA 6, SPIŠSKÁ NOVÁ VES, 052 01

"BLACK ORCHID PRODUCTIONS" E-MAIL: matko@isternet.sk

"KOLLAPSE" - E-MAIL: kollapse@post.sk, www.hyperlink.cz/kollapse

"FRIENDHOF FUN TAPES" c/o K. BALÁŽOVÁ, SEVERNÁ 25, MOLDAVA NAD BODVOU, 045 01

"BLE!" c/o STANO ŠNELY, TAČEVSKÁ 22, BARDEJOV, 085 01

"BASTARD KOMIX DISTRIBUTION" c/o MARTIN GAŠPARÍK, SNP 403/6, MYJAVA, 907 01

"UPSTAIRS" c/o RADO EMANUEL, POSTE RESTANTE 17, TRNAVA, 917 01

"MADHOUSE" c/o PETER KEPPERT, NOVÁ DOBA 925/17, GALANTA, 924 00

"LEGAL FREEDOM/ČSAF - E-MAIL: csaf-sk@post.sk

"SLOBODNA ZÓNA" c/o TOMÁŠ FIFÍK, M. SCH. TRNAVSKÉHO 22, 841 01

"EMPTY KOFOLA BOTTLES" c/o MAREK MARCHIN, LABORECKÁ 7, SPIŠSKÁ NOVÁ VES, 052 01

"PURULENT GUT" c/o MARTIN GUBÍK, BORCOVA 32, P. JAZERNICA, 038 44

ORGANIZATIONS

Food not Bombs

Bratislava: Jedlo namiesto zbraní, Ušiakova 2, Bratislava, 841 01, Slovakia www.jedlo.sk, mail@jedlo.sk

info center: P.O.Box 18, Bratislava, 840 08, Slovakia

Trnava: Food Not Bombs, Poste restante 17, Trnava, 91701, Slovakia

Košice: Jedlo namiesto zbraní, Vlado Urban, Ondavská 3, 040 11, Košice, Slovakia

Sloboda zvierat

through ZANZ

ŽANŽ

žanž, P.O.Box 18, Bratislava, 840 01, Slovakia www.zanz.sk, mail@zanz.sk

ČSAF

through ČSAF distribution

Za matku zem

za matku zem, P.O.Box 93, Bratislava, 814 99, Slovakia Za_Matku_Zem@ecn.gn.apc.org

AI

Amnesty International, Staromestská 6, Bratislava, 811 03, Slovakia amnesty@internet.sk www.internet.sk/amnesty

VLK

Lesoochranárske zoskupenie VLK, Tulčík 27, 082 13, Slovakia wolf@vadium.sk

Lungta

Lucia Cvengrošová, Ondrejovova 13, Bratislava, 821 03, Slovakia

GREEN PEACE Slovakia@green2.greenpeace.org

P.O. Box, 814 99, BRATISLAVA, SVK

"RUDE PRÁVO" c/o rudepravo@usa.ne

"YA BASTA" c/o #A "SLOBODNÁ ZÓNA"

"SAMBA" c/o RADO RICHTÁRIK, ALEXYHO 12, 949 01

"K.A.Z." c/o преку "K.A.Z." дистро

"LE VANTANTE" c/o puercos89@hotmail.com

"DISKUSIA" E-MAIL: discusia@pobox.sk

"NOBODY FUCKS JESUS" c/o JESUS@post.sk

"ZDOLA" E-MAIL: zdola@flashmail.com

"ZLÉ SVEDOMIE" c/o PAT'O BODOCKÝ, POSTE RESTANTE, TOPOLČANY

– ФАНЗИНИ –

## АЈДЕ СИТЕ ДА СЕ ЗАПРАШАМЕ СЕБЕСИ:"ДАЛИ СМЕ ТВРДОКОРНИ?"

Вчера се шетав низ градов.Речиси на секој ѕид имаше траги од неговите жители.Најчесто тоа беа пароли,графити и разни идиотски политички слогани.На еден од ѕидовите,со црвен спреј беше испишано:ТК.СК.(Тврдокорни-Скопје).Кога подоцна прашав некого кој ги испишува тие скратеници на скопските ѕидови и зошто,ми беше одговорено дека тоа е скратеницата на скопските хард корци.Кога ги прашав што е тоа хард кор,најчестите одговори беа:"Знаеш,тоа е кога сите се глупави,и слушаат комерцијала, и носат кремска облека,и слично а ти не си таков,туку возиш скејт,имаш тетоважа(или планираш да направиш),веруваш во себе дека еден ден ќе бидеш почитуван од сите,и така нешто,знаеш-ми одговараа младите хард корци,џабе ти објаснуваме,ти дури не си ни сукан.Ај сега бриши зошто ќе те кажеме на мама и на тато!"Нормално дека се исплашив од нивните закани и побегнав.Трчав додека ме држеа нозете,и дури кога се уверив дека не ме бркаат хард корците застанав.Во тој момент бев сигурен во едно...НЕ САКАМ ДА БИДАМ ХАРД КОРЕЦ!Барем не таков какви што се тие во Скопје(секоја чест на исклучоците)лигави мамини синчиња кои се секираат само за своите суканици,беги и скејтборди.Не сакам да бидам погрешно разбран,но исто така на сакам повеќе да учествувам во трпењето на малите лицемерни копилиња кои што со тоа што себеси се нарекуваат ТК.СК.,на оние кои што не знаат што всушност навистина претставуваат тие скратеници им создаваат сосем погрешна претстава за нешто што всушност е БОРБА,начин на живот а не агресивен пубертет!!!

ЗАТОА МАЛИ КОПИЛИЊА ЗАПОМНЕТЕ: ВИЕ НЕ СТЕ ТК.СК.!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!!



Се запрашал ли некој вистински зошто го прави тоа што го прави и кои се последиците(добрите и лошите) од сета таа активност. Вреди ли лажењето на сопствениот себеси?И сето тоа за само да се привлече внимание,за да не се биде сам.Дали е тоа вистинскиот начин за да нештата си дојдат на своето место.Погледнете ги луѓето околу себе.Погледнете се себеси!Што гледате?? Тоа што го очекувавте?А дали тоа што го очекувавте е тоа што го сакавте?Тврдокорност ли е вашиот конформизам,лицемерноста. Оставете ги вашите родители!Не велам да не ги сакате,тие ~~се~~ биле кои што ве одгледале и кои што најмногу ве сакаат но,нели веќе е време да почнете да размислувате сами!Сами да ги донесувате животните одлуки.Сами да се заебувате и сами да одговарате за тоа.Сами да успевате за да подоцна можете своеволно да се здружувате со други,се со цел за да живеете подобро,се разбира во подобра средина!Не е ли тоа основата на ТВРДОКОРНОСТА?Како можете да газите преку лешеви за да можете уживате во вашитепроѕирни филозофии?Да,газите преку лешеви затоа што не правите ништо со што би учествувале во континуираното производство на ~~лешеви~~ борци кои што би ги замениле лешевите.Живите мртовци.Зарем не го чувствувате негостигот на љубов во вашите животи?Или пак мислите дека вашата инстант вештачка потрошувачка средина нема потреба од нешто такво.Не зборувам само за љубов кон спротивниот пол или пак кон најблиските.ТВРДОКОРНИТЕ го чувствуваат нејзиното одсуство и затоа со сите сили се борат за нејзиното повторно враќање!Глобалната љубов е тоа што и потребно на оваа планета за да опстане.Борете се за неа,за нејзините убавини,за себе!Борете се за слободата!Станете ТВРДОКОРНИ!тк.ск.

# PANMIXIA

После огромна пауза еве конечно "живо" интервју во КАКА!По неуспешното интервју со Ачко и со Алек(цркнаа батериите на мојот диктафон)кај Алек пред зграда,наредниот ден со Алек и со Панксс успешно го реализиравме разговорот кој што сега можете да го прочитате.Ќе згрешам ако не спомнам дека во првиот (неуспешен) обид за ова интервју со нивното присуство(а и со нивната умешност во елиминирањето на црвената алкохолна течност) не удостоија Жица(SKINS мафиозото,циу-циу) и Штеф(бестрашниот трагач по забава).Сега јас ќе престанам со пишување,а ти почитуван читателу на овој "легендарен" фанзин почнувај со читање.JACHO?!А!!?!

К:За почеток,неизбежното прашање.Историјата на бендот?
А:Па и нема некоја историја.Во Август се оформивме.
П:Па,ние тројца што сме порано бевме во "СЕРУМ".Тоа започна негде во 1997.На почетокот бевме јас,Мзга и Жица.Откако си отиде Жица,дојдоа Алек,Ачко и Скарфејс.Но,дојдоа некои фрки и"Серум"се распадна.Некои песни од тогаш задржавме,уште ги свириме.
А:Во Август-Септември свиревме во "ЗОТ",и сега во Прилеп.Тие ни се двете свирки.




К:Зошто свирите?Кои се вашите пораки и цели?
А:Свириме зошто имаме афинитети кон музиката.Имаме некои идеи и ставови кои можеме да ги пренесеме преку музиката,и тоа го користиме.

К:Доста сте активни во мисијата наречена "Создавање на македонската независна сцена".Кои се тие ваши активности?
А:Па,сцената е создадена.Ние само и помагаме да се рашири.Освен бендот, Правам фанзин(С.О.С.-досега само еден број),њузлетер правиме со Диме (Со глава низ sид-7 броја до сега),дистрибуција и со Г.А.М.А.
П:Јас не сум многу активен сега.Едноставно пружам помош.

К:Нели правеше пришивки?!
П:Да,правам.Само сега опремата ми се заеба нешто.Рапитографот ха,ха... Па,ако се среди опремата ха,ха,ха,ха...(тука доаѓа до општа смеа на општо задоволство)ќе продолжам со тоа.Сега за сега рачно ги изработувам,но гледам да соберам нешто пари за да ги штампам.Спремам и памфлет. Ќе биде со определена тема.За екологијата.
А:Тоа му доаѓа како фанзин?!
П:Да,сега работам на тоа,а кога ќе излезе,не се знае.

К:Како ја доживувате Македонија т.е.како преживувате во неа?
А:Не ранат дома нашите.Што знам,ситуацијава мислиш каква е?
К:Да,општо.

А:Ситуацијава е тешка.Политичката,економската...Политикава е наметната од ММФ и од Светската банка.Во пазарнава економија секогаш се намалува хм,...како да кажам,власта во секоја држава,улогата,за да може слободно да циркулира пазарот во целиот свет,така да,живееме под некое диктирано темпо.
П:Па тешко е да се живее тука.Повеќето луѓе немаат пари.
А:Според некои податоци што излегоа сега некои 30% до 50% од луѓето се невработени.Се живее со некои основни потреби,но,повеќе од тоа нема.

К:Кои се најчестите позитивни и негативни појави во вашето секојдневие?
А:Позитивно е кога ќе налеташ на луѓе кои што се надвор од оваа сцена, а се отворени за соработка и за дискусија.Негативните појави се секогаш присутни.Пушташ ТВ и гледаш што се случува,а утре тоа го трпиш на свој грб.

К:КАКО си го објаснувате настанокот на светот?Знаете,тоа е вечно човеково прашање,па ме интересира вашето мислење за тоа?
П:Настанокот на светот никој не може да го знае,затоа што тој е создаден пред ние да се создадеме.Може само да се претпоставува за тоа.Научниците нешто се трудат околу тоа,всушност нивните теории се само претпоставки.
А:Освен научнициве,тука е и теолошката теорија дека бог го создал светот што одма паѓа во вода дури и пред теоријата на Дарвин,иако и тоа не би го прифатил.
П:Сепак тука се многу теории.Што знам? 16
А:Не знам...

К:Види,на пример кога би те прашале за анкета на "ПУЛСИРАЊЕ" како настанал светот,што би им одговорил,а?ха,ха,ха...
А:Би им кажал дека не ме интересира тоа,туку ме интересира животов кој треба да го истерам!ха,ха,ха,ха...
П:Јас мислам дека не треба минатото многу да го гледаме,туку повеќе треба да се стремиме кон иднината!

К:Неодамна сите бевме сведоци на првото посериозно наци појавување во Битола.Дали тие малолетни ќелавци се сериозна закана или пак само доживуваат претерано агресивен пубертет?
А:Па секако дека доживуваат некои нивни лични фрустрации.А дали се закана?Што знам?Можеби и се,затоа што некои луѓе од Битола со кои што контактираме викаат дека е од дамна проблемот со нив.Имало некоја свирка во Битола и продавале некои памфлети,фанзини,а скинериве ги истепале и им ги земале.Не знам,тоа е закана за луѓево од сценава!

К:Што мислиш како би требало луѓето од сцената да реагираат на тие напади?Да вратат со иста мера или...?
А:Јас би ги игнорирал,а и да ги игнорираш,пак може да те малтретираат. Може треба и со физичка сила,не се знае ха,ха,ха!Зависи од ситуацијата.

К:Вашето мислење за политиката,и за актуелната политичка ситуација во МКД?
А:Политиката е медиум кој што секогаш го оттргнува обичниот човек да размислува за некои актуелни проблеми кои што се случуваат,и тоа е медиум кој што секогаш треба да пласира некои информации,манипулации,за да ги оттргне луѓето баш од тоа размислување.Во денешниов систем во кој што живееме нема доволно време за размислување,освен за да се обезбеди материјална ситуираност.А за денешнава политичка ситуација,катастрофа е,јесда и предходно беше.

П:Денешнава политика се води по тоа што западните држави кажуваат што да правиме.Бидејќи се стремиме за влегување во Европската унија,мора да ги слушаат.
А:Мора да исполнат некои услови затоа што Македонија е земја која што ја класифицираат како земја во развој.Треба да се исполнат услови за да бидеш членка на таа заедница,е сега апсолутно доаѓа пак влијаниево на ММФ и на Светската банка,што знам...,мултинационалниве компании,а тука има евтина работна сила.

К:Бидејќи нашата надворешна политика отворено тежнее кон приклучување во ЕУ и е НАТО ориентирана,мислите ли дека МКД ќе добие нешто повеќе доколку успее да влезе во ЕУ и стане дел од нејзиниот одбранбен систем?
А:Можеби ситуацијата малку би се подобрила.Овие сега што се опозиција,порано беа на власт,е сега ситуацијата е таква што социјализмот не заглави длабоко и единствен излез е сега да се продаде се за да се вратат долговите.Се создава некоја Европа без граници и треба да ги исполниме нивните услови.
П:Јас мислам дека ЕУ си прави свој план за Балканот.Може да се изолираат за без Балканот да постои ЕУ,не знаеме ние што ќе се деси.
К:Не сте месојадци?Зошто?
П:Па,едноставно ги сакам животните.Не можам да учествувам во нивното јадење.Човекот може да опстане и без месо,на пример со соја и со други работи за кои што е докажано дека се поздрави од месото т.е.не содржат холестерол кој е штетен,туку содржат супстанции кои што ги омекнуваат крвните садови и го разбиваат холестеролот.Сите кои што се многу болни им се препорачува да не јадат месо.
А:Кога престанав да јадам месо не беше некое особено чувство,ама после 2-3 години ми се смени ставот,самиот поглед.Замисли тоа да го јадеш.Се менува чувството.
П:Едноставно тоа одгледување во фарми,кога телето се раѓа и се одвојува од мајката,се става во бокс отприлика колку неговата големина,кравите нон-стоп се врзани за синџир,а работниците што се ги тепаат и ги малтретираат.
А:Некој ќе рече месо секогаш јаделе луѓето.Нели,прво кога го откриле огнот.Но тука има контра аргумент кој вика дека животните живеат врз инстикти,и ние така живееме,меѓутоа имаме свест,затоа и сме наречени разумни суштества.Затоа можеме да го искористиме тој разум со нашата егзистенција да не уништуваме други суштества.




К:Повеќето од луѓето кои што ги знам користеле или сеуште користат алкохол или дроги.Какви се вашите искуства со тие супстанции?
П:Дрогата е глупост и нема смисла нејзината употреба,додека алкохол си пијам кога ми се пие,ха,ха,ха.
А:Јас немам користено никакви дроги освен алкохол.Порано почесто а сега ептен слабо.
К:На-во-но секаде летаат покани за војска.Да не сте и вие случајно поканети?ха,ха,ха,ха...
П:Јас не одев на регрутација,ја одбивав.И отидов таму,заборавив што се десило.Се потпишав јас таму,а сум заборавил дека сум се потпишал.Ми вика:"Зошто ти се криеш?Ај потпиши се",а потписот ми е без врска.Се потпишав,и тоа нешто ги спореди и виде дека не се исти,и се извадив.Среќа!Јас у ствари со факултетот одложувам.Имам негативно мислење за војскава затоа што...
А:...те принудува да правиш работи кои што не ги сакаш.
П:Има и луѓе кои што сакаат да идат,на пример гледале нешто филмови...
А:Шупаци,шупаци!!!
П:Рамбо нешто,ќе се запалат,и кога ќе отидат таму ќе видат дека не е така,и после се молат за да се вратат дома.
А:Мене ми нема стигнато уште покана.Кут не кажувај,ха,ха...
К:Невоспитани.Како така да не те поканиле тебе?!Ха,ха,ха!(Се изнасмеавме во интервјуво,ха,хаха...)Законов уште не е донесен,нели?!

# HARDCORE SKOPJE

А:Законов го има донесено министерството,меѓутоа не е усвоен.Има таму две ставки кои што викаат дека 14 месеци треба да трае цивилното служење.

К:Ама од тоа уште ништо?!

А:Не е регулирано како.Дали во институции војни ќе се служи.Имаше изјава од владава дека законов бил во контекст со европски парламент законите и и имаше писмо баш за тоа од "AMNESTY INTERNATIONAL" до Борис(колку убаво име,а?) дека тоа е чиста лага затоа што во европскиве регулативи е колку военото толку и цивилнето.Мислам дека треба да се понуди нов предлог закон,сега надлежниве тоа(Хелсиншкиот комитет)размислуваат за таквонешто,затоа што со тоа се бават,мислам,приговорот на совеста е основно човечко право.

П:Ипак треба да постои цивилно служење затоа што има пуно луѓе кои што не сакаат да држат оружје од најразлични причини,било да се религиозни,филозофски...Уште поубаво би било да има тотален приговор на совеста...

А:...за да може владава да го оправда патот кон цивилното општество.

К:Вклучени сте во Г.А.М.А.(Група за анти-милитаристичка акција).Какви беа реакциите на луѓето на информаторот кој што го делевте помеѓу студентите?

А:Па јас не бев тогаш кога го делеа,но според кажувањава,биле во огромниот дел позитивни,секако.Имаше нели мејл направено,и стигнаа неколку писма од војници кои што се моментално во АРМ,ги добиле информаторите и ја поддржуваат идејата.Во Хелсиншки комитет исто информаторот го однесовме,па ни понудија да го дадеме предлогов на некоја политичка партија.

К:Има тука претставништво на Хелсиншкиот комитет?

А:Па,кај Мики е блиску,ха,ха...И во Студентско кога имавме емисија ја промовиравме тогаш идејата,и таму имаше позитивни реакции.

К:Да се вратиме повторно на вашиот бенд.Вашите планови за во иднина?

П:Спремаме некои нови пасни.Па,така да се извежбаат,па да се извади една демо касета и нормално уште свирки.

К:Имате ли нешто да кажете за крај?Нешто што мислите дека луѓето треба да го прочитаат?

А:Што знам?Со среќа нека ти е фанзинот,и нека се трудат луѓево повеќе ако им е дојдено до некаква активност.Нека ја направат!!!Нека размислат за гетава што се формираат низ градов како некакви "алтернативни" кругови,пошто и самиот знаеш ги има во огромен број,се додека тие тврдат дека се алтернатива а не понудиле ништо,се паѓа во вода,АПСУРД!!!

П:Со среќа нека ти е со Фанзинот!

К:Благодарам!(Пу,пу...да не ме урочите,ха,ха...)



П:Ги поздравувам сите луѓе кои што го читаат ова интервју

К:О.К. момци.Ви благодарам за убавиот разговор!

контакт:Кузмановски Александар
"Никола Тесла"2-I/34,1000 скопје,02/371131
E-MAIL: alekserum@ yahoo. com

ПРОТиВ НАЗИЕЈАТА



**ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА Е ИЗРЕЧЕНА ПРЕСУДАТА НА ОСКВЕРНУВАЧИТЕ НА ЕВРЕЈСКИТЕ ГРОБИШТА**

# „Скинхедсите" ќе бидат превоспитувани под засилен надзор

Советот за малолетници при Основниот суд од Битола, со кој претседаваше судијата Андроники Настевска, на седумтемина битолски „скинхедси" им изрече воспитна мерка „засилен надзор". Неа ќе ја спроведе Центарот за социјални работи од Битола со свои стручни тимови предводени од социјални работници, психолози и педагози. Со одлуката на Советот за малолетници се опфатени: А.С. (17), Т.Г. (16), Р.Д. (15), А.С. (15), Р.Л. (17), И.Ѓ. (15) и Б.Н. (15). Некои од овие малолетни лица и досега биле опфатени со социјални третмани поради малолетничка деликвенција.

Полицијата е во потрага по осмиот член на групата Ф.Н. (14), кој сè уште е во бегство, и нему ќе му се суди во одвоена постапка, во моментот кога ќе му биде достапен на судот.

За потсетување, осумтемина битолски малолетници пред околу еден месец на битолските Еврејски гробишта испишаа кукасти крстови и други нацистички пароли, инспирирани од гледање филмови. Притоа, тие во моментот на скрнавењето на гробиштата со фотоапарат ги забележале своите „дела", што подоцна беше пресудно за нивното откривање. На сите им се суди за кривично дело „оштетување и уништување споменици од културно-историско значење и скрнавење гробови".

FUCK NAZI SYMPATHY

Иако на оваа статија и на фотографијата не им е потребен некој коментар за да се разбере глупоста(е благ збор)која тие ја опишуваат сепак јас решив да дада мал придонес во борбата против овие нацистички КОПИЛИЊА!Иако повеќето од нас имаа мислење дека нацизмот е далеку од нас и дека неговото време е одамна за-вршено,за жал после овој настан во Битоласите се уверивме во спротивното.И во



Македонија постојат идиоти кои и покрај сите грозни работи кои што нацизмот има донесено(и уште ги носи)со себе,сепак нивните малолетнички мозоци негираа ги сите тие грозотии,се одлучиле да ја следат идеологијата на злото.Бидејќи е сосема непотребно да пишувам повеќе за овие закржлавени мозоци ќе завршам со неколку прашања.

Како ли е воопшто возможно оние кои се потомоци на оние кои што хитлер(е не го пишувам со голема буква) планирал да ги истреби веднаш после Евреите,Црнците и Ромите да се поклоници на идеите на касапот на своите предци?Не се ли овие малолетни битолчани предавници на сопствениот народ?До кога ќе остануваме нем пред ваквите настани?Не е ли крајно време за борба?ЕБЕТЕ СЕ НАЦИ КОПИЛИЊА!!!

тк.ск.

# НС-НАЛПРАЗИСАМ

е колектив составен од луѓе кои што се грижат за себе, за луѓето што ги опкружуваат, животните, растенијата, со еден збор-за цела планета. <u>КАКО ТОА НИЕ СЕ ГРИЖИМЕ?</u>-па, тоа што е лошо го отфрлуваме, а им го препорачуваме истото и на другите, како што и тоа што е добро го прифаќаме и им го препорачуваме и на другите, а колку тие го прифаќаат тоа е нивни проблем и терет. Па, да почнам со претставувањето на нашите акции од лепењето на плакати, делењето на флаери, фанзини, музика, маици, прешивки, беџеви, до акции кои што се случуваат внатре во нас, проширување и развивање на комуникацијата, љубов, еднаквост, разбирање, помагање, едуцирање, постигнување на надворешен и на внатрешен мир.



<u>АКЦИИ:</u><u>ANTI NIKE</u>:компанија која што со своите производи ја гуши слободата, поточно ги експлоатира работниците/чките, кои што работат за минимална сума, а производите се продаваат тродупло повеќе отколку што се платени вработените. Плус убивањето на животни за да се направат патиките. Затоа ви препорачувам бојкотирање на NIKE и на другите големи компании кои ги експлоатираат работниците. Исто така го бојкотирам носењето на кожни производи. Поради тие причини се делеа и флаери.

<u>ANTI McDONALDS</u>:исто така е голема компанија која е распространета скоро низ целиот свет. Таа своите производи кои што не се квалитетни како што стои во нивните реклами и слики, ги рекламира и со тоа ги пласира како брза и квалитетна храна. Исто така сечењето на тропските шуми и претварање на истите во пасишта и убивањето на животните со цел за профит. Инаку 16 Октомври е светски ден против Мек Доналдс. Манипулација со се што ги опкружува: луѓе, животни и природа. Кај нас веќе 3 год. се делат флаери и плакати и се дискутира на оваа тема. <u>АНТИ ФАШИЗАМ И СЕМИТИЗАМ!</u>

<u>АНТИ МИЛИТАРИЗАМ</u>:Првата реченица која ви е препорачана:"Не сте тука за да мислите". Ако човекот не мисли доаѓа до катастрофални грешки за него и за околината. Ако не ми е дозволено да мислам значи не сум слободен, не ни постојам. Самото носење на оружје ми е крајно негативна, деструктивна и самоубиствена работа. Хиерархиското подредување, почитување на претпоставениот, оттуѓувањето на света, слепо и непотребно убивање на луѓе во име на измислени земји, иако сите добро знаеме дека има само една планета Земја, а тие мали земји се измислени само поради полесно контролирање, манипулирање и профитирање. Римската стратегија и ден денес функционира:"Раздели па владеј". Ние не веруваме во масовни војни и уништување, добро знаеме дека таму каде што има војска ќе има и војна, ние не ја сакаме војнатапа затоа ја бојкотираме со тоа што бараме тотален приговор на совеста. Лесно е да утепаш, протераш, понижиш, но тешко е да прифатиш, сочуваш и разбереш.

<u>БИБЛИОТЕКА</u>:Постои околу 7 месеци. Таа се роди со цел да им помогне на сите оние кои што сакаат да го прошират своето знаење во врска со слободата, односите помеѓу луѓето и природата. Нема зачленување, туку само на лист го за пишуваш своето име и материјалот што го земаш Не се плаќа, но има кутија со доброволни прилози за тие што сакаат и имаат да помогнат. Собраните пари ги користиме за печатење или за купување на нови книги и материјали. Моментално таа не функционира затоа што немаме соодветен простор.

<u>МУЗИКА</u>:е добар спроводник на идеите кои што сакаме да ги пренесеме на јавноста се со цел да ја подобриме структурата на живеење. Имаме само еден јавен настап во Прилеп, а моментално паузираме и работиме на доразвивање на света која што мислам дека ќе допринесе за наше враќање со посвесни, поблиски, подлабоки објаснувања за проблемите кои се околу сите нас, за поефикасно нивно совладување и стремење по сопствените патишта кои ни се на секој начин забранети.






ПОЕЗИЈАТА:е составен дел од групата.До сега има издадено две збирки,"ПОФАН"-позија фанзин во кој може да учествува кој сака со своите дела.
ДИСТРИБУЦИЈАТА:е најблизок,најпристапен начин луѓето да се запознаат со слободата,алтернативата како музика.Опфатени се најразлични жанрови и правци,а луѓето кои што се впуштаат во ваков начин на комуникација се оние кои што не им се цел парите и славата,туку дружењето и љубовта,па затоа касетите се со симболична цена од 40 ден
ЕКОЛОГИЈА,РЕЦИКЛИРАЊЕ:Оваа гранка кај нас е нова,луѓето знаат што е екологија,но не знаат што е рециклирање.Тоа е кога веќе користениот материјал се преработува и се користи повторно.Но за жал тоа кај нас сеуште го нема па затоа мораме самите да бараме алтернативно решение кое што ќе ја ублажи ситуацијата.Тоа зависи од личната одговорност и свесност за самите себе и за тоа што не опкружува.Најдобар начин за нас кои го применуваме а во исто време ја поштедуваме и природата е бојкотирање и нивно некористење.Поточно отфрлање од употреба на производи кои што се запакувани во амбалажа и кои што не можат понатаму да се користат и завршуваат на околните буништа како огледало на тоа што сме.Свесен сум дека е тешко да го оствариме тоа на глобален план но барем можеме да го намалиме до неопходно за опстојување.
ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ,ВЕГЕТЕРИЈАНСТВО:ПРОТИВ МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА.Накратко ќе кажам мое мислење,а тие што сакаат да знаат повеќе ќе исконтактираме,не е проблем.Прво и основно не е во човечката природа тој да јаде месо,второ месото го прави човекот агресивен,себичен,неискрен,немилосрден за се што го опкружува,го буди нечовечкото во него,не може да си го најде мирот,си го труе сопственото тело,затоа што секое животно кога се соочува со сопствената смрт неговиот мозок праќа негативни вибрации и лачи отрови кои што го обземаат целото тело на жртвата,а потоа ние ја внесуваме како храна т.е. како отров.Понатамошните последици се јасни.Рак и други заболувања кои што се фатални по нашите животи.Трето,ги почитувам животните и ги ставам на ист ранг со луѓето,не во размислување туку во почитување,едноставно,и тоа е живо суштество.Кога луѓето ќе кажат "куче" едноставно го понижуваат и не му даваат простор да го каже тоа што го сака.Јас лично мислам дека животните се доста свесни,и може да се комуницира со нив.Нема потреба врз нив да се врши било каква тортура,затоа што ако тие се малтретираат тоа значи дека и човекот понатаму ќе биде малтретиран.Не може некој што ја сака слободата на луѓето да ги малтретира животните,затоа што тоа се одразува,не може некој кој што не ги почитува животните да ги почитува луѓето.И последно.Уверен сум дека месната индустрија добро се потрудила да ги скроти луѓето во нејзина полза,а во штета на потрошувачите на кои што им е речено дека пилешката паштета или салама не може да биде направена од друго,како на пример од луѓе.РАЗМИСЛЕТЕ!НЕ ВИКАМ ДЕКА Е ТАКА,АМА ПОСТОИ ОПЦИЈА ДА Е.
КРИТИЧНА МАСА:Длени се брошири кои повикуваат на свесно бојкотирање на средствата за превоз со себе содржат:диоксид,карбон-моноксид,нитроген-оксид,сумпор диоксид,хидро-карбоне,бензен,метан и алдехиде.Тие предизвикуваат болести на дишните патишта,рак,смрт и екоцид.Кај нас сеуште нема пректична примена на велосипедисти како што стои во брошурата,но и самостојното користење на велосипед во самостојниот живот е истотака битно како и групното возење кое има за цел да ги успори моторните возила кои во последно време возат со претерани брзини,ги загрозуваат нашите животи со тоа што можеме да бидеме прегазени,и плус со поспорото возење се намалува испуштањето на отровните гасови.Сите заинтересирани можат да не контактираат на DIRECTNA_AKCIJA@YAHOO.COM

ВО ИМЕТО НА КОЛЕКТИВОТ ЗБОРУВАШЕ А ПОДОЦНА И ПИШУВАШЕ МЗГА.

НС-НАПРАВИ САМ
КОЛЕКТИВ






HC - DO IT YOURSELF




HSKC

HC/SK D.I.Y.




ПРИРОДАТА, ЗЕЛЕНИЛОТО, ЕКОЛОГИЈАТА ... ТРЕБА ДА ГИ СПАСИМЕ ОД ДЕСТРУКТИВНАТА ЖЕД НА ЧОВЕКОТ КОЈА УНИШТУВА ДРВЈА И ДРВЈА ...
ДЕТЕРГЕНТОТ МОРАЛ ДА БИДЕ ЕКОЛОШКИ, ЗАБРАНЕТО Е ДА СЕ ПРАВАТ БУНДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, САМО СИНТЕТИКАТА Е ДОЗВОЛЕНА ...
НАРОДОТ СЕ НАВЛЕКУВА НА ОВИЕ РАБОТИ, ВО ПОТРАГА ПО ОРИГИНАЛНАТА ЧИСТОТА, КОЈАШТО ЈА ИМА ИЗГУБЕНО И ПОТИСНАТО ВО НАШИОТ ЗЛАТЕН ПОТРОШУВАЧКИ ПЕРИОД ...
СПОРЕД ТОА, АЈДЕ НА РАБОТА! ДА СЕ ОБЛЕПАТ СИТЕ SИДОВИ ВО ГРАДОТ СО ПЛАКАТИ ЗА КОНКУРСОТ, ДА СЕ НАПРАВИ СПОТ ЗА РАДИО, ЗА ТВ ...
... НЕ СМЕЕМЕ ДА МУ ОСТАВИМЕ ВРЕМЕ НА НАРОДОТ ДА ДИШЕ...
СЕ ЌЕ БИДЕ ЅЕЛЕНО, Т.Е. НАЈЗЕЛЕНО. ЌЕ ЈА ПОКРИЕМЕ НАЦИЈАТА ВО ЗЕЛЕНО, А НИЕ ЌЕ БИДЕМЕ НАЈЗЕЛЕНИ ОД СИТЕ ДРУГИ. ОБЛОЖЕНИ СО ЗЕЛЕНИ ДОЛАРИ!
ГЕНИЈАЛНО!
НАЈГЕНИЈАЛНО!
ЕЛ ГЕНИЈАЛНИСИМУС!
ТУРБО!
КЛАП
ТЛАП
КЛАП


Е МНОГУ УБАВО, ОВА ТИ Е ОПИУМ ЗА НАРОДОТ. ДА СЕ ЛАЖАТ КУТРИТЕ ГЛЕДАЧИ ДЕКА ЖИВОТОТ Е ИГРА, КВИЗ, ЛЕСЕН! ФУЈ! СРАМОТА!
ТОА Е САМО ДЕЛ ОД ОДРЖУВАЊЕ НА РАМНОТЕЖА ВО ПРИРОДАТА, БЕЗ КОЈА НАШАТА МАЈКА ПРИРОДА НЕ МОЖЕ ДА ОПСТАНЕ!
МОРА ДА ПОСТОИ И УМИРАЊЕ, ИНАКУ ПЛАНЕТАТА ЌЕ СТАНЕ ПРЕНАСЕЛЕНА!
ДА, ПРИФАЌАМ ПОД УСЛОВ ВЕДНАШ ДА СЕ СПРЕЧИ ОНОЈ ПОБЕСНЕТ МАНИЈАК ДА НИ ПРАВИ ПОНАТАМОШНИ ШТЕТИ!
НАВИСТИНА?
ОВА Е ЗА МЕНЕ!
А КОЈ СТЕ ВИЕ?
СЕКОГАШ СУМ САКАЛ БЕСПЛАТНО ДА РАБОТАМ!
ДА, ДА!
КРАЈ
СТРАСТА ЗА ВЛАСТ ГО МЕЛЕ НАРОДОТ
23

## ПОРАНО БЕШЕ ПОДОБРО?!

Често слушам како луѓето околу мене велат:"Порано беше подобро,подобро се живееше."Хм,кога се живеело подобро?"-сигурно би прашал некој помлад од оние горенаведени"носталгичари".Точно,кога ли биле тие времиња кога се живеело подобро?Не зборувам(прашувам) за подоброто живеење во некои други простори(периоди).Еј луѓе!!!Кога се живеело добро тука?(Секоја чест или срамота на поединици)Македонијо!!!Знаеш ли ти за спокој,стабилност,слобода...убаво живеење?Што!?Последнава реченица ви зазвуче како извадок од текстот на некоја евтина "патриотска" новокомпонирана жалопојка.Веројатно е и така затоа што тие жалопојки се најчестиот "фон" на нашите животи.Нели!??!?Па така и ни треба кога главните "ДИ-ЏЕИ" се возачи на автобуси и "газди" на ќебапчилници.Ех,а порано се беше така убаво...

...Се сеќавам на 90/91.Какво време беше тоа!Свежи беа сликите од паѓањето на берлинскиот ѕид(газењето на студентите на плоштадот Тиен Ан Мен),светското првенство во фудбал("паѓањето" на Вардар во втората лига),братството и единството(мирисот на непосредната "братоубиствена" војна).Луѓето се згрозуваа од се почестите навивачки инциденти,а се смееја на епизодите на "Топ листа надреалиста".Динарот служеше за бришење на газот,а југословенскиот пасош беше нај баран на "црниот" пазар.И тогаш луѓето спомнуваа некои подобри времиња.(Знаете,Тито,овој,оној...)Ние(Македонците) И тогаш бевме "за греота"(Секоја чест на поединици).Вечна копија на некои и на нешто(поради тоа во нашиот случај најчесто ни се случува...ништо...добро).

За година,две се случи она што се случи,и ние станавме држава.Еј,замисли...сами,свои газди,а!"Наши" политичари,пејачи,спортисти...гомнари.И така "циркусот" почна со својата(еве,речиси десетгодишна)претстава.Што се не видовме.Најмногу трагедија и евтина комедија...еееееееј!!!

Вака-така "догуравме" до '94.Првиот атентат на првиот председател.'95"Првата голема свирка на малите бендови".'96 Првото неквалификување на фудбалско европско првенство.И така едно чудо од први нешта останаа и како последни.Неповторени.Недоразбрани.Неуспешни.Нормално за тоа ни е крив секогаш некој друг. "Ние сами" толку можеме.Кретени!!!Ушште полошо е тоа што истите тие кои"серат" дека порано било подобро,први ги голтаат овие евтини оправдувања,и први ги наведнуваат главите.За крај уште еден пример.И во 1912 година во Македонија имаше странски(непријателски) војници,и во 2000 година е исто.Да набројувам уште?Еј,луѓе...свестете се!!! ПРЕСТАНЕТЕ СО ЈАДЕЊЕ НА ГОМНА!ПУШТЕТЕ ГИ ДЕЦАТА ДА ЖИВЕАТ!ТИЕ ЗНААТ ПОДОБРО ОД ВАС ШТО Е...ПОДОБРО!!!...ТК.СК.

# ДЕТСКИ СУДБИНИ ВО ПОЛИТИЧКИ КЛЕШТИ





**Милиони живеат во сиромаштија**



# ПРИСЛУШУВАЛИ МВР ПРЕКУ ТЕЛЕКОМ?

НАВОДНОТО КУПУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ ГО ОТВОРА ПРАШАЊЕТО.

Друг". Текстовите се со про-анархистичка и

ПРАВИМЕ ЛИ НЕШТО ЗА ДА ГО ПОДОБРИМЕ СВЕТОТ ВО КОЈ ШТО ЖИВЕЕМЕ?СИ СЕ ЗАПРАШАЛ/А ЛИ ЗОШТО ТОЛКУ ТАГА,ОЧАЈ, БОЛЕСТИ,НЕСРЕЌА,ГЛАДНИ,ОСАМЕНИ И ОСТАВЕНИ?МОЖЕ ЛИ ТОА ДА МУ СЕ СЛУЧИ НА СЕКОЈ/А ОД НАС?МОЖЕМЕ ЛИ НИЕ ДА ПРОМЕНИМЕ НЕШТО?РАЗМИСЛИ!!!!!!!

# КУЧЕШКИ ЖИВОТ или АВ,АВ!

СЛОБОДА ИЛИ СМРТ!!!



НЕ БЕА ЛИ ЧЕТВОРИЦА ЈАВАЧИ НА АПОКАЛИПСАТА?ЗОШТО ЛИ СЕ ТАЖНИ И ЗАМИСЛЕНИ ОВИЕ ТРОЈЦА???









СИГУРНО НЕ МОЖАТ ДА ГО НАЈДАТ ЧЕТВРТИОТ. ПОМОГНЕТЕ ИМ ДОБРИ ЛУЃЕ!ГРЕОТА СЕ!!!

ински анархист, иако некој не ги негира нивните анархистич



25

# ЕДЕН АПСУРД ВО МОЕТО МААЛО

од Меновски Рубин



Во овој расказ ќе ви кажам за една девојка,мојата комшивка Тања.Ова не е расказ со среќен крај,но затоа пак ако го прочитате можеби малку ќе ве замислам.(барем малку се надевам).Всушност ова не е расказ за мојата комшивка Тања,воопшто и не постои мојата комшивка Тања, ама ова може да се случи секаде,секогаш и секому,па дури и во моето маало.И сега,покрај сите измислени личности во романите,драмите,песните итн. ,зошто да не си измислам и јас една моја комшивка Тања?!И зошто да пишувам за некојси Џон или Бил кога можам да си пишувам за мојата комшивка Тања која живееше еден спрат подолу и имаше шарпланинец по име Аристотел. Туку,да престанам да кажувам за моите домашни проблеми и да го напишам расказот.

## РАСКАЗОТ:

Значи,ви кажав дека расказот не е за мојата комшивка Тања,туку за случката што се случи.Но бидејќи мојата комшивка Тања е една од главните личности ред е да кажеме некој збор за неа:"Мојата комшивка Тања имаше тогаш околу 25 год. и штотуку го беше завршила медицинскиот факултет,одсек хирургија,првенец во генерација. Инаку,мојата комшивка Тања се што ќе започнеше,се завршуваше најдобро,а ако се случеше да биде меѓу најдобрите(еден или двајца подобри),веднаш ја фаќаа страшни депресии и веќе следниот пат беше далеку подобра од сите.Памтам,кога бевме малечки (заедно учевме во основно училиште), кога почнавме во I одд. скоро никој не знаеше да си го напише ни името, а таа веќе пишуваше ракописно и знаеше германски јазик.Секогаш беше дотерана,средена и со панделки во косата,а на часовите можеше да и се слушне глас само кога учителката ќе ја прашаше нешто.Секогаш седеше во првата клупа,пред учителката и внимателно слушаше и пишуваше.Имаше најубав ракопис,најдобро поведение и имаше најдобри оценки,и ако имаше некој со исти оценки како неа,сепак сите признаваа дека таа е најдобрата. Тоа,да ви кажам,не се случуваше само во осн. училиште,туку низ цело нејзино школување,па ете заврши и како првенец на факултет.Нејзините родители,ми се чини беа најгорди и најсреќни родители во целиот свет.Секаде и секому кај кого одеа или кога им доаѓаа пријатели ја покажуваа и ја фалеа,а таа кутрата едноставно леташе до облаци,едно време ми се чинеше дека добива и вистински екстази кога ќе освоеше прво место,кога ќе ја пофалеа,па дури и да чуеше само некој добар збор за себе.Веднаш ќе зарумeнеше,но сосем малку(за да се рече од скромност),ќе и отидеше насмевката до уши,ќе го наведнеше погледот и така речи ќе го грабнеше медалот или пофалницата како да се плашеше дека некој друг ќе и ја земе.Ходникот во станот беше резервиран само за неа со нејзините медали,пофалници и дипломи и навистина го наполни,а не беше мал ходник. Беше единка,немаше ни брат,ни сестра но нејзините родители не сакаа друго дете,бидејќи се плашеа да не биде послабо од мојата комшивка Тања(тоа и јавно го кажуваа),а неа ја чуваа како принцеза.Нејзиното семејство со генерации беше докторско,па нормално беше таа да ја продолжи лозата.Иако повеќе сакаше да биде адвокат,сепак се одлучи за медицина бидејќи мораше да биде најпримерното и најпослушното девојче. Ќе мора да ми извините што толку ви кажувам за неа преку школото,но и нема многу преку што друго да ви кажам за мојата комшивка Тања,освен тоа што никогаш не си играше со нас, бидејќи тоа е многу детски и неодговорно(иако кога го кажа тоа имаше само 8 години),обожаваше да разговара со постари луѓе и со баби и дедовци,бидејќи тие најмногу ја фалеа гушкаа и бацуваа и тоа дека секогаш кога ние претрчувавме преку улицата таа гледаше прво лево па десно,па потоа ќе поминеше.За да ве одморам малку од школото(сепак морам да ви ја опишам целата моја комшивка Тања пред да ви ја кажам случката),ќе ви кажам како изгледаше:"Имаше бујна и долга црна коса(секогаш и беше долга,најкратка што памтам дека и била беше во III год. во средно школо, кога и беше накаде до раменици)која скоро секогаш и беше во репче,и многу ретко ја пушташе бидејќи ако дувнеше макар и малку ветре и и помес-

теше некој прамен од косата,се чувствуваше несредено и неодговорно(за ова последново и јас бев збунет).Под високото,но не превисоко,туку-така интелегентно чело,се наоѓаа две крупни сиво-кафеави очи,со долги трепки,кои секогаш употребуваа два погледи:едниот,оној одважниот,аристократски поглед кој го користеше за нас,бедните, и другиот кој беше наивен и послушен и го употребуваше за примање награди и пофалби и во разговор со постари луѓе.Е добро сега,имаше уште еден, оној обичниот кога одеше сама по улица мислејќи дека неја гледа никој,но тој и не е важен,нели,сепак ретко кој го знаеше тој поглед.На лицето имаше и уште едно мало прчлесто носе,малку издадени образи(кои во погоден момент знаеја малку да зарументат),полна усна и мали уши на кои имаше по една обетка.Сето ова беше собрано на едно лице кое заедно со погледите се менуваше во зависност од ситуацијата и друштвото.Една од најфасцинантните работи што ја бев забележал кај мојата комшивка Тања беше тоа што ниту еден мускул на лицето или поглед,не ја изневерија.Многу се држеше до хигиената,секој ден се тушираше,а три пати неделно се бањаше.Секогаш користеше некои креми и пудри за лицето и рацете,зошто сепак,мораше да биде најдобра и во тоа.Носеше елегантна облека,секогаш испеглана и чиста и никогаш не можеше да се види некоја дамка на облеката.На почетокот од IIIта год. од средното образование почна и штикли да носи,но не некои нападни или модерни,туку класични со не многу висока потпетица,за да не и замери некој.Но,мислам дека доволно долго ви ја опишував мојата комшивка Тања за да сфатите каква беше,зошто и самиот почнав да си здосадувам.
Значи,денот кога почнува раскзот се падна понеделник,точно една недела од кога дипломира мојата комшивка Тања.Ова требаше да биде нејзиниот прв работен ден во државната болница, нели,каде што работат нејзините родители.Тоа утро стана многу порано за да има време да се истушира,да помине еден час пред тоалетната масичка, со шминкање и лакирање на ноктите,и сето тоа да го заврши до 7.00 часот за да биде спремна за излегување.И нејзините родители станаа порано и пресреќни ја гледаа како ги досредува и последните аномалии во косата,на лицето и облеката.Ах,колку беа горди тие ова утро,замислувајќи си ја блескавата иднина на нивната ќерка.Тоа утро мојата комшивка Тања го остави својот мерцедес во гаража, за да оди со автобус на работа,ризикувајќи да и се изгужва облеката,но сепак ќе оди со автобус како божем да се смеша малку со работничката класа.Кога излезе од станот се сретна со баба Стојна,која се враќаше од продавница со лебчето и млекото во кеса и која и посака многу среќа и успех во работата(Цела зграда знаеше дека мојата комшивка Тања денес почнува со работа).И што се случи!?
Само што излезе од влезот,пресреќна и силно возбудена,заборави да погледне лево и десно(можеби прв пат во животот) и баш тогаш се слушна свирка од комбе и кратко шкрипење на гуми пред силното БУМ кое ја фрли мојата комшивка Тања на тротоарот и 5-6 метри подалеку од комбето.
Три дена лежеше во кома и целата искршена во болничкиот кревет,а четвртиот ден се слушна рамномерно зуење на апаратот што го кажуваше ритамот на срцето. -15.12.1999-





Повторно во "КАКА" можете да прочитате рецензии.Се надевам дека ќе го цените тоа што овој пат навистина се потрудив околу нив.СЕ ИЗНАСЛУШАВ еден куп синглици,плочи,дискови,касети и се изначитав фанзини,памфлети,њузлетери... Се ФАЛАМ???Да,по малку!Ама,нели заслужив!!!??Сигурно се прашувате зошто ставив толку многу флаери,инфа...Тоа не е ваша работа,единствено треба да знаете дека сето тоа го направив бесплатно!Значи,рекламите не ги наплатував! На речиси сите рецензии има и контакт адреса па ако некој ве заинтересира...

**SHOCKPROOF - FACING THE WORLD - HC - (F.U.R.) - fur@eunet.yu**

Штета што овој бенд е непознат на повеќето македонски "HC"-ци.И јас не знам многу за нив,но по ова што го слушнав и видов се уверив дека "SHOCKPROOF" се добар бенд.Не знам дали е ова нивни прв албум,но знам дека сакам да слушнам уште нешто од нив.Инаку музички се движат некаде околу Њујоршкиот "OLD SCHOOL" звук а исто така е приметливо и големото "OI!" влијание.Инаку на албумов ја имаат преработено и "SKINHEAD GIRL WARRIOR" од "WARZONE".Препорачувам!

**OPENHINDEAD - CIRCLE OF DECAY - CD (INTASHPROLETERIANS-GO!) - OPENHINDEAD@SPRAY.SE - WWW.OPENHINDEAD.COM**

Веднаш во очи ми падна прекрасниот омот!Не знам од каде ја најдле таа фотографија,но едно е сигурно,фотографијата си ја сврши работата."OPENHINDEAD" се бенд од Шведска.Ова е нивниот прв албум.Да не го знаев тоа немаше да поверувам затоа што ова е веќе зрело издание со добра музика,интелигентни и емотивни текстови,силна музика...Не би сакал да ја етикетирам нивната музика,но доколку ви значи нешто "EMO CORE" тогаш сигурно дека "OPENHINDEAD" ќе ви станат едни од омилените бендови.Проверете ги!!!

NASKORO...NOVO...na **Makedonskata** punk/hc scena-
"HEXUS" zine **(Bambix,Ignite,Oi polloi, Kemuri,Pizda Materna...)**

**Antisect",OI Polloi .Propagandhi ,Hi standard, Ignite, Bambix ,Murphys law,Victims family, Strife,Nations on fire, Pennywise,Me first and the gimme gimmes,Gorilla Biscuits,CIV, Nausea,Detestation,Kemuri,Warzone,25ta Life,Killing flame, Shelter,Spermbirds...Golem broj kompilacii, Whirlwide hardcore1,2,3(VIDEO),Tribal Area 4/5(VIDEO)...**
Cenata ne kasetite e 80 den(+omot),Video kasetite 450den. Posle sekoja 5 kupena kaseta ,sleduva edna gratis po sopstven izbor.**Javete se na 214-035(Vlatko) za katalog so 200 hc,punk,crust,SxE naslovi.**
**Celiot profit ke se iskoristi za izdavanje na fanzinot**

28

**SIX PACK - MINUT ĆUTANJA - HC - (F.U.R.)**

Уште едно издание на "F.U.R." колективот.Морам да признам дека многу се изнамачив околу пишувањето на оваа рецензија."SIX PACK" ги запознав којтребаше да свират во "МНТ"(ама не свиреа поради Вања шупакот)и се уверив дека се добри момци.Од друга страна пак,никогаш не сум бил љубител на нивната музика.Затоа се определив за една сува,но искрена рецензија. Омотот е чисто срање...продукцијата е одлична...преработката од "Рибља Чорба" и песната после неа се чисто срање..."LJUBIČASTE GRANICE" е ремек дело!Изгледа дека со овој албум "SIX PACK" сакале да се збогатат???!

## Petrograd - a.b.c. (CD)-BENEFIT-
- 8 RUE VANNERUS, L-9289 DIEKIRCH, LUXEMBURG - nathalie @petrograd.lu

Кога прв пат го слушнав овој бенд се запрашав што е тоа што ме тера да ја вртам нивната плоча на мојот грамофон повторно,повторно и повторно...После неколку стотини вртења конечно во мозокот ми се задржаа три зборови:НЕВЕРОЈАТНАТА ЕДНОСТАВНА ИСКРЕНОСТ.За ОВОЈ албум ќе додадам уште неколку зборови:ГЕНИЈАЛНОСТ,НЕЖНОСТ,ПОЗИТИВНОСТ,ПОЛЕТНОСТ...Инаку овој албум е бенефит издание за "А.В.С." од Инсбрук.Што да кажам повеќе за овие луксембуржани.Го сакам овој бенд!Сериозен су

## THE MESSY HAIRS/SICK OF BEING HUMAN - split 7" (PACO GARDEN REC.)

Не ми се верува!Уште едно издание на "THE MESSY HAIRS" кое што многу(премногу) ми се допаѓа.Овој пат тоа е сплит 7" со "SICK OF BEING HUMAN".Целата плоча е снимена за една вечер,па,замислете каква атмосфера има на неа.На страната на ~~MESY~~ "THE MESSY HAIRS" има две прекрасни преработки од "DEAD SILENCE"Z и од "THE ADOLESCENTS".Ужасно добро!"SICK OF BEING HUMAN" ги знам од компилациското ЛП "WEEDS IN THE GARDEN2" (исто така издание на "PACO GARDEN")Како и таму,овој бенд ми се допаѓа.Свират тешка и комплексна варијанта на панкот која не е баш лесна за слушање.Супер! GO VEGETARIAN!!!

## PROFANE EXISTENCE #38 (A4, 40стр. Анг.)
-P.O. BOX 8722 MINNEAPOLIS MN 55408 USA-

Веројатно повеќето од вас ја знаат приказната за "PROFANE EXISTENCE".Значи, после едноиполгодишна пауза повторно во вашите раце го држите еден од највлијателните анархо-панк фанзини во светот.Препознатливиот "P.E."дизајн(впечатлива тробојна насловна страница,вешто сложена прегледност,рециклираната хартија...)едноставно ве предизвикува да ја разгледате неговата внатрешност:колумни,писма,рецензии,интервју со "AUS ROTTEN",известувања од најразлични анархистички активности низ целиот свет,и уште многу други работи.Триесетидеветиот број највероједатно се појавил во Октомври(се разбира во 2000 год.),но,за жал сеуште не е пристигнат кај нас. Добро би било да им пишете затоа што им е неопходна поддршка(како и на сите нас).Толку!Рецензијава ќе ја завршам со препознатливата парола на "P.E.": MAKING PUNK A THREAT AGAIN! ,и + ќе ве потсетам:БОРБАТА ПРОДОЛЖУВА!



## BRIGADE O.D./PIZDA MATERNA-split lp

Плочава е закон.Почнувајќи од самиот изглед(Феноменален омот+пикчр диск ЛП-или така некако-)па се до прекрасните живи снимки на "BRIGADE O.D." и неверојатната тежина на "SKOK VPRAZNO" од "PIZDA MATERNA".Задолжително.

## S.O.S. Кузмановски Александар,"Никола Тесла"2-1/34,1000Скопје,(371-131) (A5,60стр.мак)

На 60 страници Алек ви овозможува да читате за:"BFH","BRAIN GHETTO", "NEGATE",екологија,анархизам...Солиден дизајн и копија,доста интересен материјал.Само напред!E-MAIL: ALEKSERUM@YAHOO.COM

## ГЛАС бр.1(A5,24стр.,мак.)Игор Стојановски,бул.Партизански одреди 145/24, 1000 Скопје,(361-214) E MAIL: EGOOR@FREEMAIL.ORG.MK

Интересно фанзинче."S/X PACK(српски панкери),EARTH FIRST, FOOD NOT BOMBS, KUTINA SCENE RAPORT,SKHC,рецензии...Брзо се чита.Интересно би било да се види бр.2.Вреди да се има.

## NON VIOLENCE 1 (A5,20стр.мак) Наташа Тодоровска,"Ленинова"63/I/6,1000Скопје,(127-080)

Е ова е убаво изненадување.Првиот македонски фанзин направен од девојка. Содржи:Анархо-панк сцена во Уругвај,"ANTI PRODUCT",анархосиндикализам, "A//POLITICAL",критична маса, поезија...Како за прв пат,повеќе од доволно.И после некој ќе каже дека девојчињата немаат врска.

## 1/2 BACK TO REALITY Кусевски Војслав,"Франце Прешерн"241,1000Скопје(335-262) (A5,мак.)

Интересна е идејата на Војче својата поезија да ја објави во облик на фанзини.Доколку и вие пишувате слободарска поезија контактирајте со Војче за да ви ја објави во неговиот фанзин,или пак и вие направете си свој. E-MAIL: (ИСТО И ЗА NON-VIOLENCE) VOJCE @ FREEMAIL.ORG.MK



## РЕВОЛУЦИЈА бр.2(A4,26стр.,мак.)-4 Јули 2-3/1,1000 Скопје E-MAIL ZLIT@USA.NET

Еве и Злит го направи вториот број од својот фанзин.Морам да признаам дека е многу подобар од првиот.Содржината е стандардна.Значи интервјуа со бендови, рецензии,концертни известувања,анти-наци и анти-мекдоналдс текстови...Трети от број најверојатно ќе биде на англиски,најверојатно поради слабата поддршка од македонските панкери(што и да се...)Исто така Злит подготвува и интернационална компилација,па доколку мислите дека можете да му помогнете...

## MADBALL-HOLD IT DOWN-CD,EPITAPH

...пријателство,лојалност,чесност,беа работите кои не привлекоа на сцената. ...лицемерност,предавање на музичкиот бизнис беа работите кои што не оддалечија од "MADBALL".Музички уште се закон,но веќе и малите деца знаат дека не е се во музиката. We make a prommise to each othee, but you turned into a fake!!! 30

